Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.Весник на РМ. бр. 27/14, 199/14, 27/16 , 35/18, 198/18 и Сл.Весник на РСМ. бр. 143/19 И 14/20) како и член 22 став 1 точка 1 и член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 ,129/15, 27/16, 134/16, 120/18,110/19 и 267/20), а согласно Правилникот за систематизација на работни места во Локалниот Музеј – Глерија Кавадарци бр.01-156 од 20.08.2020 година и Измената на правилникот за систематизација бр.01-156/2 од 17.12.2020 година, Финансиската согласност број 18-2193/2 и 18-2194/2 од 17.03.2021 на Министерство за финансии, Директорот на Локален Музеј - Галерија Кавадарци, објавува:

# Ј А В Е Н О Г Л А С

## За вработување на извршители во Локален Музеј - Галерија Кавадарци на определено работно време

Локален Музеј - Галерија Кавадарци има потреба од вработување на извршители на определено работно време за период до 31.12.2021 година, за следните работни места:

1. Самостоен рефернт за правни работи (општи, административни и работи во врска со човечки ресурси) со шифра КУЛ 01 02 Г01 005 во Административна служба....................................1 (еден) извршител;

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка) 1.

---

2. Документатор – техничар со шифра КУЛ 03 04 Ѓ02 003 во стручна служба..............................1 (еден) извршител.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2020 година се: Македонец(ка) 1.

---

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови :**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има здравствено и психофизички способности, утврдено од овластена здравствена установа;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Покрај општите услови, кандидатите пријавени за работните места треба да ги исполнуваат и следните посебни услови.**

Посебни услови предвидени за работното место под точка 1 утврдени со актот за систематизација се:

- За ниво Г1 ниво на квалификациите V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку завршено вишо или средно образование и тоа: **Вишо, Средно гимназиско или Средно стручно образование (биротехничка струка);**

- Работно искуство - најмалку три години работно искуство во струката;

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Посебни услови предвидени за работното место под точка 2 утврдени со актот за систематизација се:

- За ниво Ѓ ниво на образование Вишо обрзование или Високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено Средно образование и тоа: **Високо, Средно гимназиско или средно стручно образование (биротехничка струка);**
- работно искуство - без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски или германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Распоред на работно време за работните места под точка 1 и 2:

- работни денови понеделник-петок
- работни часови неделно 40
- работно време од 08:30 до 16:30 часот.

Паричен нето износ на плата за работното место под точка 1 изнесува: 20.985 ,00 денари.

Паричен нето износ на плата за работните места под точка 2 изнесува: 22.355 ,00 денари.

Јавниот оглас ке биде објавен во најмалку три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Рокот за пријава:рок за доставување на пријава за вработување и доказите дека ги исполнуваат условит од јавниот оглас е 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување во дневните весници.

. Постапка за селекција за вработување во Музејот се состои од две фази и тоа:

Фаза 1: Административна селекција за проверка на веродостојност на доставените податоци и докази доставени на јавниот оглас;

Фаза2: Интервју

Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати

Пријавата со целокупната потребна документација, да се достават до архива на Локален Музеј - Галерија Кавадарци, со назнака "за јавен оглас за вработување на определено време во Локален Музеј - Галерија Кавадарци.

Локален Музеј - Галерија Кавадарци
Директор
Весна Ѓорѓиева